
МЦМС

Годишен извештај 2002







С О Д Р Ж И Н А

Водоснабдување и санитација 4

Водоснабдување и санитација на заедниците (ВСЗ) 4

„Без ентузијазам, немаше да дојдеме до крајот" 4

Здружението во интерес на граѓаните на Костурница 4

Подобри времиња за ратајчани 5

Оспособување на заедниците и институциите (ОЗИ) 5

Посета на позитивни примери 5

Образование 6

Применето образование за младите Роми (ПОР) 6

Летен камп во Охрид за 75 ученици 6

Вработување и генерирање приходи 7

Вработување и генерирање приходи 7

Поддршка на претприемништво 7

Микро и мали претпријатија 7

Приказна: Денови на македонското јаболко 7

Граѓанско општество и демократија 8

Транспарентност за доверба 8

НВО Саем - Форум на граѓанското општество во Македонија 8

Проекти на граѓанските организации во Македонија 8

Јакнење на невладините организации (ЈНН) 8

Јакнење на женските НВО (ЈЖН) 9

Меѓународна верска конференција 9

Поддршка на меѓуверската соработка (ПМС) 9

Кроссекторски програми 10

Македонска рехабилитација (МКР) 10

Награда заодржлив развој „Херт Јан ван Апелдорн" (ГЈА) 10

Меѓународни програми 11

Транзиција во Косово (ТКС) 11

Мрежа за градење капацитет (МГК) 11

Структура и развој на МЦМС 12

Извршна канцеларија на МЦМС 13

Финансиски извештај 2002 15

Преглед на проекти 2002 19

Мисија

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) е организација на граѓанското општество што работи во областа на одржливиот развој, градење на свеста и на социјално-хуманитарната (основна) помош.

Целта на МЦМС е поттикнување, поддршка и развој на локални, национални и меѓународни иницијативи за унапредување на одржливиот развој на човечките ресурси во Македонија и надвор од неа.

За остварување на целите и задачите МЦМС ги мобилизира и ги организира човечките ресурси, финансиските и материјалните средства, како во земјата, така и во странство.

МЦМС за активностите обезбедува средства од повеќе агенции на Светскиот совет на црквите и од владини и меѓународни организации.

Цели, сектори и методи

Стратешки цели на МЦМС се:

- промоција на мирот;
- понатамошен развој на граѓанското општество;
- помош на групи што имаат потреба за тоа.

МЦМС е активен во следниве сектори:

- водоснабдување и санитација;
- образование;
- рурален развој;
- вработување и генерирање приходи;
- граѓанско општество и демократизација;
- итна помош.

МЦМС активностите ги остварува преку:

- поддршка на проекти;
- обука и совети;
- информации;
- застапување и лобирање;
- раководење.

МЦМС е презапишан во Регистарот на здруженијата на граѓани и фондации во Основниот суд - Скопје 1, под регистарски број 492, со решение бр. 434/99 од 06.10.1999 година. Матичен број 4878256. Единствен даночен број 4030994180119.

Издавач: Македонски центар за меѓународна соработка
Никола Парапунов бб, ПФ. 55, 1060 Скопје, Р. Македонија
тел. +389 (0)2 3065-381
факс. +389 (0)2 3065-289
e-mail: mcms@mcms.org.mk
Извршен директор: Сашо Клековски
Одговорен уредник: Гонце Јаковлеска
Лектор: Даниел Медароски
Фотографии: Фотоархива на МЦМС, Гоце Солев, Mikkel Ostergaard, Дарко Булдиоски
Графички дизајн: Кома лаб. - Скопје
Печати: Боро графика - Скопје
Тираж: 700 копии

Порака од раководството

Во 2002 година МЦМС оперираше во услови на спроведување на Рамковниот договор, продолжен тренд на влошување на економската состојба во Македонија и интензивна владина кампања против НВО. Поддршката на Рамковниот договор, и покрај високата етничка недоверба, е сè уште висока. За првпат НВО и Владата се судрија со голема жестина на прашањето на корупцијата. По септемвриските избори, новата влада декларира желба за партнерство со НВО.



Мирко Спироски
претседавач



Сашо Клековски
извршен директор



Во 2002 година МЦМС беше на половината од својот трет среднорочен период (2001-2003). Среднорочните планови беа нарушени од кризата со вооружени судири во Македонија во текот на 2001 година. МЦМС, во овие отежнати услови, во текот на 2002 година се стабилизира и се врати на спроведување на долгорочните развојни програми, со постепено намалување на активностите за итна помош и поддршка на регионите погодени со кризата.

МЦМС во 2002 година имаше вкупен обем (портфолио) од 169 проекти и севкупен буџет од приближно 154 милиони денари.

Ова портфолио гледано од аспект на бројот на проектите е под нивото на планираното, иако е значително зголемено во споредба со истиот период лани.

МЦМС имаше редовен (очекуван) напредок во програмите ВСЗ, ОЗИ, ПЈН, ЈЖН (кои се активни од претходните години). Новите програми ПОР, ТКС и МГК (започнати кон крајот на 2001 година) беа значително интензивирани во овој период. Дел од планираните програми се спроведувани со помал обем (ГОЗ, ПМС, СЦР, МРИ, ФСИ).

Во овој период е завршена и тригодишната програма на МРФП, Микро и мали претпријатија (ММП), а склучен е договор за поддршка на Стратешкиот план на МРФП 2002-2005 со холандската влада, во износ од 5.7 милиони евра.

Новини во работењето на МЦМС беа спроведувањето обуки со партнерско учество на претставници на локалните заедници (општини и месни заедници) и на невладините организации, како и активностите за поголема транспарентност во цивилниот сектор.

Значаен напредок во овој период имаше на полето на соработката на локално ниво. МЦМС имаше сопствени иницијативи за подобрување на соработката меѓу локалните актери, а учествуваше и во иницијативите на други актери.

МЦМС продолжи со интезивна регионална соработка преку координативните механизми на АЦТ и преку иницијативите на ССЦ.



„Без ентузијазам, немаше да дојдеме до крајот"

Еден од најголемите проблеми, водоснабдувањето, веќе не е на листата на проблеми на 450-те жители на селото Горно Количани.

„Без ентузијазмот и желбата што ги покажаа жителите на селото веројатно немаше да дојдеме до крајот", вели Феми Мустафа, претседател на иницијативниот одбор на селото.

Горно Количани е сиромашно село. Мал број од жителите се вработени, а другите се земјоделци и сточари, меѓутоа, стадата не се веќе толку големи како порано. Околу 30 семејства се корисници на социјална помош што ја потенцира сликата на сиромаштијата. Но жителите ја користат секоја прилика да го подобрат својот живот. Завршувањето на земјените работи за потребите на селската водоводна мрежа беа доволна илустрација за тоа. Крајно тешкиот терен за ископ не ги расколеба ниту за миг. „Се спремавме за зајак, а излезе мечка", ни рече еден од жителите на Горно Количани, алудирајќи на тоа дека не очекувале толку тешка траса за ископ.

Сепак, тоа веќе е зад нив. Тешкиот живот без вода останува во минатото. „Да знаете само колку долго се мачеле нашите мајки, сестри и ќерки. Ова ќе биде големо олеснување за нив", ни рече еден од жителите.

Иницијативниот одбор ништо не остави на случајот. Индивидуалните приклучоци се правени според стандардите, а самото приклучување одеше паралелно со плаќањето. Жителите кои не можеа да придонесат во работна рака платија по 3.000 МКД што иницијативниот одбор ги искористи за реализирање на оној дел од резервоарот што беше обврска на селото. Понатаму, одржувањето на водоснабдителниот систем, што подразбира и наплата на водата ќе го преземе Месната заедница на Горно Количани.



Водоводниот систем олеснување за горноколичанци



Водоснабдување и санитација на заедниците (ВСЗ)

Цел на програмата е обезбедување пристап до вода за пиење и соодветно одведување на отпадните води.

Целна група на програмата се жителите на заедниците во Македонија, со специфично фокусирање на регионите кои имаат значителни проблеми со водоснабдувањето и со санитацијата.

Со проектите во 2002 година се опфатени 20 заедници, во кои живеат 11.957 жители.

Преку програмата Водоснабдување и санитација на заедниците МЦМС во текот на 2002 година одобри проекти за изградба или доградба на: пет пумпни станици, четири зафати (три дренажи и еден тиролски зафат), 570 $м^3$ резервоарски простор (4 резервоари), 28,519 м' цевковод, 211 канализациски ревизиски шахти и 1 филтер за пречистување вода.

Вкупната вредност на 20-те одобрени проекти, без оперативните трошоци, изнесува 95,087,631 МКД. Од тоа, МЦМС учествува со 52.054.999,00 МКД или околу 55%.

Здружението во интерес на граѓаните на Костурница

„Кога ја добивме согласноста од општината за изградба на канализацијата и кога МЦМС одлучи да ни помогне во решавањето на проблемот, луѓето беа пресреќни", вели Зати Рамаданов, претседател на Здружението на граѓаните Роми, Романи бах од Велес, присеќавајќи се на почетоците на решавањето на еден од најголемите проблеми на повеќе од 200 жители на населбата Костурница.

Отворената канализација триесетина години била извор на зарази не само за Костурница, туку и за соседните населби.

„Најголем дел од жителите на населбата Костурница се социјални случаи", продолжи Рамаданов. „Речиси никој не е вработен. Поради тоа речиси невозможно беше да придонесеме со финансиска поддршка, но затоа луѓето помогнаа во градежните работи, таму каде што тоа беше изведливо", вели тој. „Немаше потреба да се прават списоци за тоа кој кога ќе помогне", ни рече Томе Трајков, претседател на Месната заедница. „Тие едноставно секогаш кога имаше потреба сами се организираа", додаде Трајков.

Во спроведувањето на проектот МЦМС соработуваше со локалното здружение на граѓани „Романи бах". Луѓето имаат доверба во организацијата без разлика дали станува збор за Роми или припадници на другите етнички групи. „Социјалната криза не им дозволува на луѓето да прават разлики меѓу себе, тие ги имаат истите проблеми", ни рече Рамаданов. Инаку, во населбата живеат Роми, Турци, Власи, Срби и Македонци.





Подобри времиња за ратајчани

Многумина од нас, за време на минатогодишната криза, слушавме за селото Ратае и за нивните секојдневни маки. Селото Ратае се наоѓа во Долен Полог и има 451 жител. Повеќето жители се занимаваат со земјоделие.

Во селото водоснабдувањето се вршело од индивидуални бунари, кои не ги задоволувале потребите на жителите.

„Досега беше многу тешко да се задоволат потребите за одржување хигиена за шестчленото семејство - јас, маж ми, синот со својата сопруга и двете внучиња. Во Ратае се омажив во 1963, дотогаш живеев во Лешок. Оттогаш водата што ја црпевме од бунарите, подоцна со помош на хидрофор, ја загревавме и со неа перевме, одржувавме хигиена... Сега ќе биде подобро...", беа зборовите на средовечната Благица Петровска.

Љуба Стаменковска е невеста од соседното Ротинци, и таа е омажена тука, во Ратае, во 1961 г.

„Откако знам, сум перела во вангла, во котле... Водата ја носевме со кофи, од бунарот, но тој одамна е секнат. Конечно, по толку години, ќе имаме чешми и без проблем ќе се снабдуваме со вода", ни рече Љуба.

Во селото Ратае работи подрачното ОУ „Даме Груев", до четврто одделение. Двете наставнички, Татјана Чуприна и Ванѓа Јанкуловска, ни кажаа по нешто за досегашното нивно работно искуство: „Водата, што ја добиваше училиштето со помош на хидрофори беше бактериолошки неисправна за пиење, односно за користење. Децата самите си носеа вода од дома, најверојатно превриена, па така некако се снаоѓавме со тој проблем. Конечно сега и тоа ќе биде надминато".



Децата ѝ се радуваат на водата

Оспособување на заедниците и институциите (ОЗИ)

Целта на програмата е да придонесе во одржливиот развој на заедниците, особено во маргинализираните рурални и приградски населби, преку нивно оспособување за организација и управување со развојните иницијативи.

Целна група се жителите на заедниците во Македонија, со специфично фокусирање на регионите кои имаат значителни проблеми со водоснабдувањето и санитацијата.

Во 2002 година опфатени се 78 учесници од 17 заедници во рамките на организираните обуки, совети и консултации за подготовка, организирање и спроведување проекти.

По барање на општина Велес беше организирана работилница за подготовка на заедницата за аплицирање. Изготвениот предлог-проект, со кој општината Велес конкурираше во програмата ФАРЕ за развој на локалната самоуправа кон крајот на 2002 г. беше одобрен.

Во 2002 година финансиски беа поддржани три селски заедници за претпроектни активности, а три јавни комунални претпријатија беа поддржани со техничка и канцелариска опрема.

Во соработка со Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС) и Проектот за реформа на локалната самоуправа (ПРЛС) беше изработен Адресар на единиците на локалната самоуправа, кој ќе овозможи да се обезбедат потребните информации за институциите и заедниците со што ќе бидат поттикнати да ги поддржат ЕЛС и да им помогнат во градењето основа за самофинансирање на своите активности.



Посета на позитивни примери

„Изборот на Карбинци како позитивен пример беше одлична можност за афирмација на нашата општина. Запознавме и стекнавме нови пријатели кои во своето работење се среќаваат со слични проблеми. Се надеваме дека како добри домаќини успеавме да им го пренесеме нашето искуство, нашите заложби за вклучување на сите локални потенцијали, човечки и економски, за разрешување на проблемите и дадовме основа за натамошно надградување" - рече Борис Гаврилов, градоначалник на општината Карбинци.


Учесниците се запознаа и со работата на ЈКП „Плачковица", односно како е извршено формирањето и регистрирањето, моделот на одржување, преземањето ингеренции за одржување на системите за водоснабдување и санитација, финансиското работење и сл. Преку теренски посети се реализираа средби и со месните заедници и запознавање со нивната работа.

„Се запознавме со луѓе од друга средина, се информиравме за други работи и проблеми и со начинот на нивното решавање. Се здобив со нови знаења и искуства за начинот на поставување и решавање на проблемите. Би сакал повторно да бидеме поканети на сите вакви средби" - го изрази своето задоволство од посетата на Карбинци Бекир Муамеди, директор на ЈКП Сарај.



Карбинци како позитивен пример





Применето образование за младите Роми (ПОР)

Целта на Програмата е да се подобри вклученоста во основното образование и да се зголемат можностите за вработување на ромската младина, преку подигнување на свеста на децата и семејствата во ромските заедници за образованието, подобрување на односите меѓу училиштата и заедниците, подобрување на квалификуваноста и оспособеноста за бизнис на младите во ромските заедници и преку подобрување на информираноста на јавноста и на јавните институции за образованието и за проблемите на Ромите.

Целна група на Програмата се младите Роми на возраст од 11 до 25 години, со можност за вклучување млади луѓе и до 30-годишна возраст во поглед на одредени активности (професионални курсеви и чиракување). Со програмата се опфатени и поширокатa ромска заедница, персоналот од вклучените училишта, учениците кои не се Роми, и поширокатa јавност и јавните институции.

Програмата се спроведува во 15 ромски заедници, во соработка со 15 локални здруженија на граѓани и основни училишта, во 11 градови со значителна концентрација на ромско население: Скопје, Куманово, Велес, Штип, Кочани, Делчево, Прилеп, Битола, Гостивар, Кичево и Дебар.

Во нив, во текот на учебната 2001/02 година настава следеле вкупно 18,984 ученици, од кои 3,373 се Роми (или 18% од вкупниот број ученици во 15-те училишта).

Преку ПОР, во текот на 2002 г., вкупно се реализирани 35 проекти, од кои 30 грантови за јакнење на свеста за образованието на ромските семејства, за подобрување на односите помеѓу основните училишта и ромските заедници и за набавка на нагледни средства за училиштата. Исто така, преку локалните организации вклучени во програмата, беа организирани курсеви за професионална обука за 250 млади од ромските заедници, како и курсеви за основни претприемачки вештини во пет градови во државата. Беше организирана и една обука за интеркултурно учење за персоналот од вклучените училишта.

Летен камп во Охрид за 75 ученици

„Не сакав воопшто да се вратам од кампот", рече Азра Рустемова, учесничка на кампот. Азра е шесто одделение во Основното училиште „Ѓорѓи Сугарев" во Битола. „Во Охрид е многу убаво, се запознав со многу деца, се капевме во езерото, игравме разни игри, правевме маскембал... Со сите деца станавме другари. На крајот, кога се разделувавме, плачевме. Иако ми беше жал за мајка ми, за сестрите, за братчето и за татко ми, сепак сакав да трае уште долго, барем уште две-три години. Ех, да можеше", воздивнувајќи додаде Азра. „Не сакам да се вратам зашто знам дека дома пак ќе мора да продавам салфетки, пак секој ден на пазар истата мака, пак нема време кога да учам. Ама, сепак, оваа година најмногу ќе учам, и без учебници да останам, како минатата година, кога бев во петто одделение, пак ќе бидам одлична за да можам да одам на летниот камп", додаде таа.

Летниот камп се одржа од 1 до 11 јули, а имаше за цел да ги стимулира учениците, да ги награди за трудот, но и да овозможи интеграција помеѓу нив.



За Азра на прво место е школувањето



Вработување и генерирање приходи

МЦМС е основач и застапник на Македонската развојна фондација за претпријатијата (МРФП).

МРФП ја спроведува програмата за Микро и мали претпријатија (ММП), како и програмата за Поддршка на претприемништвото (ППП), во соработка со Канадскиот центар за меѓународни студии и соработка (ЦЕЦИ) од Канада.

Оваа година МРФП го подготви Стратешкиот план на МРФП 2002-2006 кој беше поднесен како апликација до Амбасадата на Кралството Холандија (КАХ). Договорот за финансиска поддршка, во износ од 5,67 милиони евра, беше потпишан на 9 декември од страна на Министерот за развојна соработка на Кралството Холандија и Застапникот на МРФП.

Поддршка на претприемништвото (ППП)

Програмата Поддршка на претприемништвото се спроведува за поддршка на развојот на руралните бизниси во интеграција во пазарната економија.

Целта на ППП е да се обезбедат малите претприемачи од идентификуваните потсектори со потребни алатки и информации коишто ќе им овозможат подобро разбирање на пазарната динамика и поефикасно работење во истата. Со ППП се опфатени самостојно вработени или мали претприемачи и индивидуални земјоделци фокусирани во руралните области.

Во 2002 година се опфатени вкупно 692 корисници. Во оваа година, покрај потсекторот домат и пиперка, се избра и потсекторот јаболко во кој исто така ќе се спроведуваат активности од ППП.

Микро и мали претпријатија (ММП)

Програмата има за цел да се промовираат иновативните, возможните и реплицирачки начини за обезбедување финансиски и нефинансиски услуги за фармерите, за микро и малите претприемачи, во земјоделскиот и во неземјоделскиот сектор.

Финансиските услуги, односно заемите тип 1 и 2, се реализираат преку акредитираните финансиски посредници - Тутунска банка АД и Радобанк - Скопје, додека заемот тип 3 се реализира преку микрофинансиската институција Можности.

Од заемот тип 1, наменет за кредитирање на индивидуална земјоделци преку земјоделски посредници, е реализиран еден заем во вкупен износ од 12,500 евра, со што се опфатени 3 (тројца) индивидуални земјоделци.

Од заемот тип 2 беа кредитирани 26 мали претпријатија во износ од 1,097,453 евра.

Од заемот тип 3 исплатени се 3 (три) транши во вкупен износ од 206,878, со што во 2002 година Можности има реализирано вкупно 1,098 заеми во целната област на програмата, во вкупен износ од 3 милиони евра.

Во делот на нефинансиските услуги, во информации и размена се обезбеди грант за техничко опремување и креирање вебстраница на Клубот на извозниците и се поддржа проект за презентација на кредитните можности. Во рамките на активноста застапување и развојно образование се одржа вториот дел од координативната средба на организациите и институциите активни во секторот и се поддржаа шест нови проекта.

Во рамките на развој на претприемништвото се поддржаа пет проекта.

За службениците на кредитни одделенија во Радобанк, Тутунска банка и Можности, се организираа две обуки и се организира посета на Кипарската банка (Bank of Cyprus) во Атина, Грција.

Денови на македонското јаболко

Групата за развој на потсекторот јаболко, со поддршка на МРФП и ЦЕЦИ, ги организираа „Деновите на македонското јаболко".

„Ова е одлична манифестација, која ќе прерасне во традиционална, и нуди можност нашиот град, односно нашето јаболко да се афирмира пошироко во светот. Се надеваме дека на гостите ќе им се допаднат нашите јаболка и дека ќе бидат добар амбасадор на нашата земја. Затоа, благодарни сме на Групата за развој на потсекторот јаболка и на сите кои ја поддржаа неа", истакна градоначалникот на Ресен, Димко Тосковски.

„Оваа група ќе работи на создавање подобри услови за стандардизирано производство преку информираност и обука на учесниците во врска со стандардите на ЕУ за квалитет, бараниот асортиман во земјите на ЕУ, како и поддршка на инвестициите на производно ниво. Наша цел е да го претставиме македонското јаболко на европскиот и на светскиот пазар со препознатлив квалитет, преку прибирање податоци за побарувачката на пазарот, промоција на производните можностите за бизнис, како и поддршка на инвестирањата на преработувачко ниво. Нашата група предвидува и активности за подобрување на загарантираниот пласман на производите од јаболка преку идентификација на најповолните пазари за нас, локални и меѓународни, и воспоставување стратешки контаки со нив", истакна Кицо Дамевски, претседател на Групата за развој на потсекторот јаболко.



Деновите на македонското јаболко ќе прераснат во традиција



Јакнење на невладините организации (ПЈН)

Цел на програмата е подобрен институционален и организациски капацитет на невладините организации во Македонија.

Целна група на оваа програма се жените и мажите корисници на услуги на невладините организации во земјата, со фокус на жените, етничките малцинства, хендикепираните и младите.

Втор НВО Саем - Форум на граѓанското општество во Македонија

„Навистина сум импресиониран од работата на невладините организации во Македонија. Човек може да си создаде вистинска библиотека од она што тие го имаат издадено и испечатено. Со овој саем се променија моите гледишта, разбирањето за работата на невладиниот сектор и сега многу повеќе го почитувам него"!

Вака ги доживеал четирите дена на вториот по ред НВО Саем - Форум на граѓанското општество во Македонија посетителот Петар Асиси.

Во својот изложбен дел вториот НВО Саем на посетителите им ги понуди активностите на 199 здруженија на граѓани и фондации. Повеќе од 6.000 посетители поминаа низ салите на хотелот „Александар палас" каде што се одржуваше оваа манифестација. Форумскиот дел, на кој беше ставен акцентот, понуди 31 сесија на теми од значење не само за граѓанското општество, туку и за останатите два сектори, државниот и приватниот. На заинтересираните им беше оставена можност да ги проследат и едукативните сесии и социо-културните настани.

НВО Саемот беше партнерски проект на МЦМС со Фондацијата Институт отворено општество Македонија, Институтот за трајни заедници и Католичките служби за помош.



Од форумскиот дел

Проекти на граѓанските организации во Македонија




Првото издание на оваа публикација опфати информации за 521 проект на здруженија на граѓани и фондации, класифицирани по сектори и целни групи. Овие податоци треба да помогнат во формирањето на сликата за активностите на граѓанските организации во Македонија. Публикацијата е издадена на македонски јазик, а достапна е и на www.graganskisvet.org.mk

Транспарентност за доверба

Во текот на 2002 година зачестија изјавите за неодговорно работење на здруженијата на граѓани кои се закануваат да ја намалат довербата на јавноста во граѓанскиот сектор. Затоа, МЦМС посебен акцент стави на прашањата на одговорноста, отчетноста и транспарентноста на работата на граѓанскиот сектор. Поддржани се 9 организации со публикување годишен извештај за 2001 година и/или објавување резиме од годишните извештаи во дневниот печат. Ивештаите, покрај наративниот дел, задолжително содржеа и финансиски извештај. За поголема достапност до целните групи на вклучените организации, дел од извештаите, покрај на македонски, беа публикувани и на ромски или на албански јазик, соодветно на потребите на организациите.













Јакнење на женските НВО (ЈЖН)


Една од многубројните обуки за родови односи

Цели на програмата се развивање вештини и знаења кај женските здруженија за примена на концептот на родовата еднаквост во заедниците преку развивање, промоција и спроведување иницијативи соодветни на нивната целна група

Целна група на програмата се жени од рурални области и приградски населби, со особен фокус на различните етнички малцинства.

Со Програмата е обезбедена финансиска поддршка за осумте вклучени организации: Сојузот на организациите на жените на Македонија (СОЖМ); Организацијата на организациите на жените на Македонија (ООЖМ), Сојузот на албанската жена на Македонија (САЖМ), Организацијата на жените „Престиж" од Битола, Организацијата на жените од Струмица, Организацијата на жените од Штип, Ромската организација на жените „Даја" од Куманово и Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените (ЕСЕ). Поддршката е искористена за ангажирање лице одговорно за координација и спроведување на програмските активности, но и за спроведување на активностите на организациите.

Подготвени се пет броја на списанието „Перспективи" и дистрибуирани до 800 релевантни здруженија на граѓани, владини инситуции и поединци кои се занимаваат со оваа проблематика.

Со цел зголемување на знаењата на осумте вклучени женски здруженија на граѓани и пошироко за можностите, за ресурсите и за иницијативите поврзани со родовата еднаквост во Македонија, во текот на годината беа организирани 6 тематски работилници со експерти од различни области.

Со обуката за обучувачи/ки за родова еднаквост се опфатени 16 локални обучувачи/чки кои овие знаења ќе ги применат во креирање и спроведување обуки за родови односи во локалните заедници.

Поддршка на меѓуверската соработка (ПМС)

Целта на програмата е пронаоѓање на можностите за употреба и едукација за ненасилната комуникација на претставниците на црквите и верските заедници, поддршка и тренинг за претставниците на црквите и верските заедници за позитивните социјални промени (градењето одржлив мир), како и создавање и јакнење на екуменската и меѓурелигиската соработка во градењето мир.

Целна група на програмата се активисти и членови на верските заедници и црквите во Македонија.

Меѓународна верска конференција

Повеќе од 40 меѓународни христијански, муслимански и еврејски научници присуствуваа на 24-от годишен дијалог помеѓу црквите и верските заедници што се одржа во Скопје на тема „Градење доверба помеѓу црквите и верските заедници преку дијалог".

Конференцијата имаше за цел да ја поттикне довербата и подоброто разбирање помеѓу црквите и верските заедници како придонес за мирот во Македонија. Учесниците пристигнаа од Јордан, Индија, Пакистан, Русија, Јапонија, Израел, Турција, Србија, Мароко, Швајцарија, Германија, Франција, Белгија, Англија, Канада, Соединетите Американски Држави и од други држави. На нив им се придружија педесет верски водачи и научници од Македонија.

На крајот на Конференцијата учесниците усвоија Заедничка порака за понатамошни активности - основање совет за меѓурелигиска соработка, воспоставување редовни средби и контакти и воспоставување соработка по меѓу нивните образовни институции.


Конференција за доверба помеѓу црквите и верските заедници





Македонска рехабилитација (МКР)


МЦМС дава свој придонес во ублажувањето на кризата

Целта е да се поддржат заедниците во обновување на животот. Заедниците треба да се оспособат да ја вратат нивната функција користејќи ги сите можни механизми за самопомош.

Целна група се внатрешно раселените лица и други групи во потреба во подрачјата на судирот.

За пристап до повратниците и раселените лица, имаше редовна координација со локалните и со странските НВО, со агенциите на ОН и со Владата, а поддршката се спроведуваше преку партнерските локални НВО во избраните области.

Во почетокот на годината, МЦМС имаше ограничени активности заради интензивните активности на меѓународната заедница и обезбедените хуманитарни потреби за раселените лица. Меѓутоа, и покрај исклучително успешната донаторска конференција, повеќето од активностите (особено на меѓународните организации) беа значително намалени или целосно прекинати до крајот на јуни 2002 година.

Со Програмата беа опфатени околу 50,000 корисници кои добија сточна храна, кокошки-несилки и непрехранбени продукти за повратниците во поранешните кризни региони; брашно за услугите на црковната кујна Свети Петар и Павле во Скопје; како и портокали за социјалните случаи.

На раселените лица во колективните центри (особено младите) им беше понудена психо-социјална поддршка, со изведување театарски претстави во самите колективни центри или посета во театар.

МЦМС започна три проекти за рехабилитација на објекти: културен дом во Вратница, објект на заедницата во с. Отља, како и објектите на средните училишта на верските заедници.

Три здруженија на раселените лица беа помогнати во својата работа со финансиска поддршка за покривање на основните трошоци (кирија за канцеларија, режиски трошоци и сл.).

Продолжи поддршката на двата координативни механизми (Националната и НВО-хуманитарната координација), кои со смалено темпо (двонедели, па од мај, месечни состаноци) се одвиваа до јули 2002 година.

Награда за граѓанско општество и демократија (ГОД)

Награда за одржлив развој „Херт Јан ван Апелдорн“ (ГЈА)

Целта на наградите е да се поддржат граѓаните и организациите кои даваат особен придонес на локалните и националните иницијативи за развој на граѓанското општество и демократијата, односно за одржливиот развој во Македонија.

Целни групи се организациите, групите и заедниците, како и поединците активни во граѓанскиот сектор.

Оваа година Наградата за граѓанско општество и демократија ја добија: Фондацијата Институт отворено општество Македонија, за долгогодишен придонес, Хуманитарното и добротворно здружение на Ромите „Месечина“, за придонес во претходната година и градот Скопје за јавност и соработка.

Наградата Херт Јан ван Апелдорн ја добија Акционерското друштво Комуна и Здружението Полио плус, за придонес во претходната година, а наградата за долгогодишен придонес не беше доделена.


Годинешните добитници на наградите, заедно со претседавачот и со извршниот директор на МЦМС





Мрежа за градење капацитет (МГК)

Целта на програмата е да се зајакнат капацитетите на екуменските партнери од југоисточна Европа во насока на развој на меѓусебната соработка.

Целна група се партнерските НВО од регионот.

И оваа година продолжија активностите започнати во 2001 година. Продолжија посетите на партнерите од Југославија (вклучително и Косово), Хрватска и Романија. Партнерите кои се вклучија во програмата се: Дијаконија агапес и Албанската фондација за цивилно општество (Албанија), Човекољубие и Тим три (Србија, СР Југославија), Екуменската хуманитарна организација (Војводина, СРЈ), Ние сме со Вас (Косово, СРЈ), Нит и Еос (Хрватска), Фондација Покров и Женската развојна фондација (Бугарија), АИДРом и „Opportunity Associates" (Романија). Заради немање екуменски партнер, не е направена посета на Босна и Херцеговина, а воспоставени се контакти со Талди од Тузла.



Регионалната соработка се наметнува како неопходност

Во текот на годината беа организирани три обуки.

Самата програма има третман на пилот-активност, бидејќи за прв пат МЦМС се вклучува во конкретна мултилатерална соработка со организации од регионот на Балканот. Дополнителен новитет беше партнерството меѓу екуменски организации и НВО-ресурсните центри, во секоја од земјите.

Транзиција во Косово (ТКС)

Целта е да се поддржи јакнењето на локалните НВО преку развој на граѓанското општество, градење капацитет на локални НВО; поддршка на земјоделскиот сектор преку помош на фармери и претприемачи; фокусирање на родовите прашања во сите делови на програмата, задржување на вниманието на малцинствата (особено Гораните во општината Драгаш).

Целната група е различна. Целиот концепт е базиран на поддршка на 3 локални НВО, кои ја имплементираа програмата, така што тие се првите корисници. Преку неа се поддржани околу 50 НВО и 250 нивни членови; 180 индивидуални фармери и нивни здруженија; околу 3.000 жени преку разни иницијативи и родови прашања и се помогнати околу 18.000 Горани преку поддршка на нивните иницијативи.

Во периодот на 2002 година беа реализирани 44 проекти. Одговорни за проектите беа локалните партнери на Косово: Ние сме со вас (НСВ), Косовскиот развоен центар (КРЦ) и Косовската женска иницијатива (КЖИ). Во рамките на оваа програма МЦМС примени принцип на канцеларија за врски. Еден соработник беше задолжен за оперативно раководење на канцеларијата и советување на локалните партнери на НВО.



Дел од обуките за јакнење на граѓанските организации на Косово

Во текот на годината беа одржани 16 обуки за НВО од југозападниот дел на Косово, беа организирани бројни трибини, работилници и едукативни сесии. Исто така беа изградени два система за водоснабдување во с. Брут и с. Косава, општина Драгаш. Беше испечатен Агробилтен и Билтен за граѓанско општество. За 10 НВО беа доделени грантови за организациско јакнење.

МЦМС во почетокот на годината се соочи со проблеми за започнување на програмата: финансиски трансакции кон Косово, организациски капацитет на МЦМС, отежната комуникација со локалните партнери во Косово. Овие проблеми ја нарушија меѓусебната доверба на партнерите во програмата и го доведоа во прашање понатамошното спроведување на активностите. Сепак, проблемите беа надминати во април 2002 година, со усогласување на меѓусебните очекувања, дефинирањето на линиите на комуникација и решавање на проблемите и со делумна преработка на програмата.





УПРАВЕН ОДБОР

1. **Мирко Спироски, претседавач**
   доктор по медицински науки, професор на Медицинскиот факултет во Скопје
2. **Букурије Бајрами (САЖМ)**
   невработена, член на Претседателството на САЖМ - Тетово
3. **Свето Стевановски**
   новинар, главен и одговорен уредник на ревијата „Екологија"
4. **Мухамед Точи (Месечина)**
   невработен, член на Претседателството на ХДЗР „Месечина"
5. **Прота Драги Костадиновски (МПЦ)**
   Архиерејски заменик и генерален секретар на „Милосрдие",
   агенција на Македонската православна црква
6. **Зејнула Ефенди Фазлиу (ИВЗ)**
   референт во кабинетот на претседателот на Исламската верска заедница
7. **Пречесен Михаил Цеков (ЕМЦ)**
   пастир на Евангелско-методистичка црква во Струмица
8. **Билјана Герасимовска-Китановска (ЕСЕ)**
   доктор по медицина, претседател на ЕСЕ - Скопје
9. **Наташа Габер-Дамјановска**
   доктор по политички науки, виш научен соработник во Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања
10. **Теута Крашница-Чучкова**
    уредник - коментатор во Македонското радио, Координатор на одборот за мировна и граѓанска иницијатива

СОВЕТ

Мирко Спироски
Букурие Бајрами
Василка Божиновска
Дејан Бојковски
Диме Велковски
Мето Јовановски
Андон Марковски
Абдурауф Пруси
Муќереме Руси
Самет Скендери
Даниела Стојанова
Билјана Герасимовска
Дилбера Камберовска
Александар Михајловски
Наташа Габер
Ѓунер Исмаил
Нурие Кадриу
Зоран Костов
Теута Крашница-Чучкова
Иван Тулевски
Мухамед Точи
Драги Костадиновски
Зејнула Фазлиу
Михаил Цеков
Ѓоко Ѓоргески
Димче Митрески


Управниот одбор на една од седниците

Организации со советодавен статус во МЦМС од I категорија:

1. Хуманитарно и добротворно здружение на Ромите „Месечина" Гостивар (Месечина)
2. Хуманитарна организација „Ел хилал"- Скопје (Ел хилал)
3. Хелсиншки комитет за човекови права - Скопје (ХКЧП)
4. Движење на екологистите на Македонија - Скопје (ДЕМ)
5. Младински совет на Македонија - Скопје (МСМ)
6. Сојуз на студентите при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј" Скопје (ССУКМ)
7. Организација на жените на Македонија - Скопје (ОЖМ)
8. Сојуз на организациите на жените во РМ - Скопје (СОЖМ)
9. Сојуз на албанската жена во Македонија - Тетово (САЖМ)
10. Сојуз на пензионерите на Македонија - Скопје (СПМ)

Организации со советодавен статус во МЦМС од II категорија:

1. Хуманитарна организација „Хомос" - Скопје (Хомос)
2. Еманципација, солидарност и еднаквост - Скопје (ЕСЕ)
3. Ромска организација на жените на Македонија „Даја" - Куманово (РОЖМ)
4. Прва детска амбасада во светот „Меѓаши" - Скопје (Меѓаши)
5. Хуманитарно добротворно здружение на Ромите „Пхурт" - Делчево (ХДЗР)
6. Организација на жените „Хоризонт" - Кривогаштани (Хоризонт)
7. Еколошко друштво „Злетовица" - Пробиштип (Злетовица)
8. Еколошко друштво „Изгрев" - Свети Николе (Изгрев)
9. Еколошко друштво „Виножито" - Штип (Виножито)
10. Здружение на самохрани мајки - Штип (ЗСМШ)
11. Сојуз на слепите во РМ - Скопје (ССРМ)
12. Организација на ромска младина „Англунипе" - Скопје (Англунипе)





Извршен директор
- Сашо Клековски

Група за развој
- Павел Роман Пападимитров
- Димче Митрески
- Александар Гумберовски
- Владимир Лазовски
- Нахида Зекирова
- Александар Јовановски

Група за вработување
- Тетјана Лазаревска
- Јоана Јосифовска
- Љупчо Тошев
- Афродита Муслиу
- Соња Јовановска
- Лазар Недановски

Група за граѓанско општество
- Сунчица Саздовска
- Лилјана Алчева-Јовановска
- Валентина Чичева
- Флорент Бајрами
- Неда Малеска-Сачмароска
- Калин Бабушку
- Куштрим Хоџа
- Емина Нурединовска

Група за информации
- Гонце Јаковлеска
- Даниел Медароски
- Грамоз Шабани
- Филип Стојановски
- Адис Рахиќ
- Сузан Шакир
- Даниела Стојановска
- Билјана Вучуревиќ

Итна помош, кроссекторски и меѓународни програми
- Александар Кржаловски
- Александар Стевановски
- Фатмир Битиќи
- Александар Стамболиев
- Ѓорѓи Тане
- Кренар Кука

Административна група
- Александар Бужаровски
- Милка Божиновска-Миова
- Мирјана Куновска
- Данило Митов
- Марјан Димотров
- Весна Богдановска

Персонал



На крајот на 2002 година МЦМС имаше 38 соработници, вклучувајќи и еден на договор на дело) или во периодот има 37.9 еквиваленти на полно работно време (ЕПРВ).

Во изминатиот период имаше промени во персоналот: на еден соработник му престана работниот однос по негово барање; вработени се три нови соработници, од кои еден како замена на соработничка на породилно отсуство и двајца соработници на работни места предвидени со план (од кои еден со договор на дело), а пет соработници се внатрешно прераспределени.

Дел од вработените ги посетија скроените обуки за Управување со човечки ресурси, Алокација на ресурси и буџетирање. Индивидуално беа посетени обуките за: Раководење со проектен циклус; Административно работење; Институционален развој и организациско јакнење; Работилница за подготовка и раководење со итни и кризни операции во источна Европа, Балкан и Кавказ; Обука на обучувачи; Обука за односи со јавноста; Обука за вештини со медиумите; Еднаков статус и човекови права за жената и курсеви за англиски јазик и за албански јазик.

Соработка

МЦМС имаше интензивна соработка со домашните невладини организации и единиците на локалната самоуправа, а остварени се контакти и со Владата и другите државни институции.

МЦМС ја продолжи соработката со Светскиот совет на црквите и Конзорциумот за Македонија, АЦТ интернационал, а оствари посебни контакти со Европската агенција за реконструкција.

Извршната група на Конзорциумот за Македонија ја одржа својата шеста средба во мај во Зајст, Холандија. На средбата учествуваа ICCO, DCA, EED, CAID, NCA и МЦМС. МЦМС е вклучен во Екуменското партнерство за Југоисточна Европа на ССЦ. МЦМС ја продолжи соработката со АЦТ интернационал и членките. Остварени се и неколку билатерални средби.

Односи со јавноста

Продолжи да излегува МЦМС Билтенот. Она што беше за забележување оваа година е интересот на медиумите за сториите објавени во МЦМС Билтенот. Неколку од нив беа обработени и објавени во медиумите.

Оваа година МЦМС издаде две публикации за Годишниот извештај. Првата, на 20 страници содржеше пообемни информации за работата на МЦМС и беше наменета за целните групи и партнерите на организацијата. Втората, во помал формат и со основните информации за активностите на МЦМС во 2001 година беше наменета за јавноста.

Остварени се вкупно 218 настапи во домашните и странските медиуми, од кои 47 во електронските, а 171 во печатените медиуми. Од објавите во печатените медиуми, 133 се платени огласи со кои се информира за работата на МЦМС.

Мобилизација на фондови

МЦМС подготви неколку пријави за средства. Норвешката црковна помош ја одобри пријавата за едногодишна поддршка за водоснабдување во кризните региони; преку издадениот апел низ системот на АЦТ обезбедени се 75% од средствата за програмата „Македонска рехабилитација"; Програмата на ЕУ/ФАРЕ за развој на социјалната грижа во Македонија ја одобри пријавата „СОС линија за дрога".



PRICEWATERHOUSECOOPERS

PricewaterhouseCoopers
ul. Marshal Tito 12,
"Palata Makedonija" IV floor
PO Box 355
1000 Skopje
Republic of Macedonia
Telephone +389 (02) 116 638
+389 (02) 111 012
+389 (02) 110 623
Facsimile +389 (02) 116 525

НЕЗАВИСНО РЕВИЗОРСКО МИСЛЕЊЕ

До Македонски центар за Меѓународна Соработка

1. Извршивме економско-финансиска ревизија на комбинираниот биланс на состојба на Македонски Центар за Меѓународна Соработка за годината завршена на 31 Декември 2002 година и на соодветните извештаи за приходите и расходите и паричниот тек, прикажани на страните од 2 до 18. Одговорноста за овие финансиски извештаи е на раководството на МЦМС. Нашата обврска е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи базирано на нашето испитување.

2. Економско-финансиска ревизија ја извршивме во согласност со Меѓународните Стандарди на Ревизијата. Овие стандарди бараат ние да ја планираме и извршуваме ревизијата со цел да добиеме доволно сигурност дека финансиските извештаи не содржат материјално значајни грешки. Економско-финансиската ревизија вклучува испитување докази што ги поткрепуваат износите и прилозите во финансиските извештаи, врз основа на тестирање. Економско-финансиската ревизија исто така вклучува оценка на користените сметководствени принципи и значајни проценки направени од раководството, како и проценка на презентацијата на финансиските извештаи. Ние веруваме дека ревизијата обезбедува доволна основа за нашето мислење.

